# БАЛИ & СИНГАПУР

**10.03 – 21.03.2026 | 9 ноќи - 11дена | Вклучени тури и екскурзии | групно патување**

**Авионска програма со лет од Скопје ✈**



| | |
|---|---|
| **Авионски лет:** | **Скопје – Истанбул – Сингапур \| Сингапур – Бали \| Бали – Истанбул – Скопје** |
| **Поаѓање од Скопје:** | **10.03.2026 во 09:15ч.** |
| **Пристигнување во Сингапур:** | **11.03.2026 во 10:00ч.** |
| **Сместување Сингапур (09-11.02):** | **2 ноќевања со појадок во хотел 4* (Hotel Boss или сличен)** |
| **Сместување на Бали (11-18.02):** | **7 ноќевања со појадок (4 ноќи во хотел на плажа + 3 ноќи во Убуд)** |
| **Друго вклучено:** | **Трансфери + Разглед на Сингапур + 2 екскурзии на Бали + пратител** |
| **Враќање во Скопје:** | **21.03.2026 во 08:25ч.** |

## СИНГАПУР

### Космополитски град – фузија помеѓу иднината и традицијта

Модерен, уреден и фасцинантен град-држава каде источната духовност и западната динамика совршено се преплетуваат. Неговата импресивна силуета со *Marina Bay Sands* и *Gardens by the Bay* ја одразува визијата на иднината, додека шарените квартови како Chinatown, Little India и Arab Street ја откриваат душата на Азија. Сингапур нуди неверојатна комбинација од култура, гастрономија, природа и модерна технологија – идеален вовед во патување исполнето со доживувања, кое продолжува кон волшебниот остров Бали!

## БАЛИ

### Рајскиот остров на боговите

Волшебен тропски остров кој плени со својата природна убавина, духовност и длабоко вкоренета традиција. Толку сликовит што на прв поглед се чини нереален. Опкружен со долги песочни плажи покрај екваторијалните и топли води на Индискиот и Тихиот Океан, а во внатрешноста украсен со оризови тераси, вулкани, езера, бујни џунгли, бајковити села и скулптурални храмови, Бали нуди совршен спој на авантура и мир.

Островот живее во ритамот на своите древни ритуали – секој ден исполнет со мирис на темјан, звуци на гонгови и насмевки на локалните жители кои со гордост ја негуваат својата духовност и хинду традиција. Во **Беноа** ќе уживате во сонцето, морето и релаксирачкиот престој на плажа, додека **Убуд** – духовното и уметничко срце на островот – ќе ве маѓепса со своите храмови, традиционални пазари, уметнички галерии, свети извори и спокојна природа. Со својата топлина, култура и мистична енергија, Бали е дестинација што остава траен впечаток и спомени што се паметат засекогаш.

• • •

## ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕ

**1 ДЕН. 10.03.2026 СКОПЈЕ – ИСТАНБУЛ – СИНГАПУР**

Средба на групата на аеродром ТАВ – Скопје во 07:15 часот, односно 2 часа пред закажаниот лет. Лет за Истанбул во 09:15 часот со Turkish Airlines (TK1004). Пристигнување во 12:50 и лет од Истанбул за Сингапур во 18:30 часот (TK208). Ноќен лет со оброци.

**2 ДЕН. 11.03.2026 СИНГАПУР (“City” тура)**

Слетување во Сингапур околу 10 часот наутро. По подигнување на багажот и завршување со пасошко царинските формалности, не пречекуваат нашите домаќини во Сингапур и започнуваме со полудневен разглед на градот придружуван од локален лиценциран водич на англиски јазик. Започнуваме со посета на **Merlion Park**, каде што ќе можете да направите фотографии со симболот на градот – легендарната статуа половина лав, половина риба, која гордо гледа кон заливот **Marina Bay**.
Потоа ќе прошетаме низ шарениот кинески кварт **- Chinatown**, исполнет со традиционални куќи, локални ресторани и храмови што ја раскажуваат богатата кинеска историја на Сингапур.
Следува посета на **Little India**, живописен кварт каде што воздухот мириса на зачини и свежо цвеќе, а шарените базари ја пренесуваат топлината на индиската култура.
Патувањето продолжува кон **Arab Street** и **Kampong Glam** – историското малезиско муслиманско подрачје, каде што доминира златната купола на величествената Султан Џамија (Sultan Mosque), опкружена со бутици, продавници за текстил и кафулиња.
Разгледот завршува со посета на **Националната градина со орхидеи**, дел од Ботаничката градина на Сингапур, прогласена за светско наследство под заштита на УНЕСКО. Ќе уживате во прекрасно уредени патеки со повеќе од илјада видови и две илјади хибриди на орхидеи, меѓу кои и сорти именувани по познати личности и светски лидери.
По завршувањето на турата, следи трансфер до хотелот, превземање на собите и местување. Слободна вечер за одмор и индивидуални прошетки низ овој фасцинантен град. Ноќевање.

**3 ДЕН. 12.03.2026 СИНГАПУР (факултативна тура)**

Појадок во хотел. Слободен ден за индивидуални прошетки и активности, или за комплетно доживување предлагаме сеопфатна целодневна факултативна тура:
ГРАДИНИТЕ НА ИДНИНАТА, КРСТАРЕЊЕ ПО РЕКА СИНГАПУР И МАГИЧЕН ЗАЛЕЗ НА СЕНТОЗА:
Посета на спектакуларните **Gardens by the Bay**, футуристички парк кој претставува вистинско чудо на современиот дизајн и ботаника. Ќе ги разгледате двете главни стаклени градини – **Flower Dome**, најголемата стаклена градина во светот со растенија од медитерански и суви региони, и **Cloud Forest**, со бујна тропска вегетација, планина обвиена во магла и водопад висок 35 метри.
Следува релаксирачко **крстарење по реката Сингапур** каде ќе уживате во прекрасните глетки на градот – комбинација од историски мостови, колонијални згради и модерниот **Marina Bay** хоризонт.
По ручекот (во сопствена режија), продолжувате кон **Sentosa Island**. Ќе се искачите со **жичара** која нуди панорамски погледи кон заливот и градот, а потоа ќе ги посетите **Madame Tussauds Singapore** и интерактивната изложба **Images of Singapore Live**, која низ приказни и ефекти ја доловува историјата на земјата. Вечерта уживајте во спектакуларното шоу **Wings of Time** – игра на вода, светлина и музика под отворено небо, на самиот брег на морето. По завршувањето, следи враќање во хотелот и **ноќевање**.

**4 ДЕН. 13.03.2026 СИНГАПУР – ДЕНПАСАР (БАЛИ)**

По појадокот, уживајте во слободно време пред организираниот трансфер до **аеродромот Чанги** – еден од највпечатливите и најубави аеродроми во светот. Искористете ја можноста да ги откриете неговите уникатни атракции, како што се **Jewel Rain Vortex**, највисокиот затворен водопад во светот, или **Градината со пеперутки** во Терминал 3. Заминуваме од Сингапур со незаборавни впечатоци од неговата култура, модерна елеганција и шарм. Лет од Сингапур кон Денпасар (околу или нешто помалку од 3 часа). По слетувањето и завршување со аеродромските формалности, организиран трансфер до Вашиот хотел покрај море на Бали. Превземање на собите, слободно време. **Ноќевање**.

**5 ДЕН. 14.03.2026 БАЛИ**

Појадок во хотел. Слободен ден кој предлагаме да го искористите за одмор и релаксација во Вашиот хотел и првично запознавање со волшепството на оваа дестинација. **Ноќевање**.

**6 ДЕН. 15.03.2026 БАЛИ (Тура – "Bali Heritage")**

Појадок. Организирана целодневна тура со професионален локален водич на англиски јазик. Тура што ги буди сите сетила – доживување кое ќе ве доближи до духовната и природна суштина на островот и низ која ќе откриеме дел од природните и културните бисери на Бали. Го посетуваме **Candi Kuning Market**, шарен пазар исполнет со локални овошја, зачини, чаеви и ракотворби, кој ја прикажува секојдневната автентичност на локалниот живот. Продолжуваме кон величествениот **Ulun Danu Temple**, познат како „Храмот на езерото", посветен на божицата на водата. Сместен на бреговите на езерото Братан и обвиен со магична атмосфера, тој претставува симбол на духовноста и плодноста на островот. Турата завршува со посета на **Jatiluwih Rice Terraces**, спектакуларни оризови тераси под заштита на УНЕСКО – место каде зеленилото, тишината и уметноста на земјоделството се спојуваат во совршена хармонија. Враќање во хотел, **ноќевање**.

**7 ДЕН. 16.03.2026 БАЛИ (Тура – "Bali's Icons")**

По појадокот, се упатуваме кон уште една тура низ која ќе ги откриете најпознатите и најфотогенични симболи на островот – идиличните храмови Таман Ајун и Танах Лот. Тура која нуди вистинско доживување на духовната страна на островот и незаборавни пејзажи. Го посетуваме величествениот **Tanah Lot Temple**, најпознатиот храм на Бали, сместен на карпа опкружена со немирните води на океанот. Овој духовен симбол претставува моќен спој меѓу верата, морето и времето. Продолжуваме кон **Taman Ayun Temple**, храмски комплекс од XVII век под заштита на УНЕСКО, познат по своите пагоди, водни канали и мирна атмосфера што го одразува хармоничниот балиски дух. Турата завршува во живописната област **Sanur Terrace** – вистинска оаза на мирот, со тропски градини и поглед кон тивкиот океан, совршено место за одмор и фотографии. Враќање кон хотел, **ноќевање**.

**8 ДЕН. 17.03.2026 БАЛИ (Убуд)**

Појадок во хотел и слободно време до одјавување на собите од хотелот. Организиран трансфер до хотелот во **Убуд**, сместување. Слободно време за откривање на ова место сместено меѓу зелените оризови тераси и тропските шуми. Како културно и духовно срце на Бали, овој град е симбол на хармонијата помеѓу природата и духовнаста. Убуд е особено познат по своите уметнички галерии, храмови, традиционални пазари и спокојна атмосфера. **Ноќевање**.

**9-10 ДЕН. 18-19.03.2026 БАЛИ (Убуд)**

Појадок во хотел. Слободни денови за релаксација и уживање покрај хотелските базени со поглед кон бескрајно зеленило, како и за индивидуални активности и прошетки низ Убуд - место каде времето тече побавно, а секој момент носи чувство на мир и инспирација. Токму овие 2 дена го одбележуваат финалето на најуникатниот фестивал и празник на Бали - "**Nyepy Day**" или Тивкиот Ден. Последните **две ноќевања** се во истиот хотел во Убуд.

**11 ДЕН. 20.03.2026 БАЛИ – ИСТАНБУЛ**

Појадок и одјавување на собите според хотелските правила. Слободно време до попладневните часови кога ќе биде организиран трансфер кон аеродромот во Денпасар. Вечерен лет за Истанбул во 22:00 часот со Turkish Airlines (TK311). Оброци во авион.

**12 ДЕН. 21.03.2026 ИСТАНБУЛ – СКОПЈЕ**

Пристигнување во Истанбул окулу 06:25 часот наутро и лет за Скопје во 08:55 часот локално време. Пристигнување во Скопје утрото во 08:25 часот.

| **БАЛИ со СИНГАПУР**<br>**АВИОНСКИ ПАКЕТ АРАНЖМАН**<br>**Ноќевање со појадок** | **ПЕРИОД НА ПАТУВАЊЕ** | **10.03.2026 – 21.03.2026** |
|---|---|---|
| | **УСЛУГИ** | **Ноевање со појадок** |
| | **НОЌЕВАЊА / ДЕНОВИ** | **9 Ноќи / 12 Дена** |
| **Регуларна Цена по лице во двокреветна соба** | | **1.995 € / 123.690 мкд** |
| **EARLY BOOKING ЦЕНА по лице за резервации до 30.12.2025** | | **1.895 € / 117.490 мкд** |
| Доплата за еднокреветна соба | | 550 € / 34.100 мкд |
| Дете во соба со 2 возрасни или трето возрасно лице | | На барање |

**Во цената е вклучено:**
- Авионски превоз на релација Скопје – Истанбул – Сингапур | Сингапур – Денпасар | Денпасар – Истанбул – Скопје.
- Аеродромски такси, чекиран багаж 20кг и рачен багаж 8кг.
- 2 ноќевања со појадок во хотел 4* во Сингапур (Hotel Boss 4*, или сличен)
- Панорамска полудневна "City" Тура на Сингапур со локалне водич на англиски јазик.
- 4 ноќевања со појадок во хотел 5* на плажа на Бали (Nikko Bali 5*, или сличен).
- 2 тури на Бали со локален водич на англиски.
- 3 ноќевања со појадок во хотел 4* во местото Убуд на Бали (Best Western Premier 4*, или сличен).
- Сите трансфери според програма (аеродром – хотел – аеродром во Сингапур и Бали)
- Придружник на групата за време на престојот, локални водичи, организација на аранжманот.

**Во цената не е вклучено:**
- Патничко здравствено осигурување.
- Дополнителни оброци, пијалоци и други индивидуални трошоци.
- Влезна виза за Индонезија.
- Туристичка такса за Бали – се плаќа онлајн еднократно ( https://lovebali.baliprov.go.id/ )
- Факултативна тури и екскурзии

---

**Целодневна Факултативна тура во Сингапур:**
**ГРАДИНИТЕ НА ИДНИНАТА, КРСТАРЕЊЕ НА РЕКА СИНГАПУР И И МАГИЧЕН ЗАЛЕЗ НА СЕНТОЗА**
**Цена: 300 еур / лице** (за минимум 8 пријавени патници, пријавување во агенција)

**Целодневна тура во програмата опишана под ден 3, која вклучува:**
- Влезници за стаклените градени (Flower Dome & Cloud Forest Dome)
- Крстарење со брод по река Сингапур (45 мин)
- Жичара (кон Sentosa Island)
- Влезници за Madame Tussauds Singapore и Images of Singapore Live
- Влезница за шоу Images of Singapore Live
- Превоз од / до хотел.
- Локален лиценциран водич на англиски јазик за време на турата.

---

**Важни Забелешки:**
- Организатор на ова патување е АУРОРА Турс.
- Сите пасоши мора да имаат важност од најмалку 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата. Одговорност за проверка на валидноста на патните исправи носи исклучиво патникот.
- За реализација на аранжманот, потребен е минимален број од 20 патници. Во случај на помал број пријавени патници, организаторот го задржува правото да го откаже аранжманот или да ја корегира / зголеми цената на истиот.
- За резервации потребна е авансна уплата во висина од 40% од вкупнот износ на аранжманот, целосна доплата најдоцна дваесет (20) дена пред поаѓање.
- Организаторот на патуваоето го задржува правото, во слушај на промена на цената на превозот (авионските билети, аеродрпмски такси), да ја промени и цената на аранжманот.
- Програмата и редоследот на разгледи и посети може да претрпи промени во зависност од состојба на терен и други објективни или вонредни причини.
- За реализација на факултативните екскурзии по дадените цени постои минимален број на пријавени патници и доколку истиот не се исполни цената може да биде соодветно корегирана.
- Организаторот го задржува правото за промена на цените за факултативните излети во случај на промена на цените на влезниците во локалитетите.
- Организаторот го задржува правото за отказ на аранжманот 7 дена пред патувањето.
- **За оваа програма важат Општите Услови на Патување на Аурора Турс**.

• • •

## HOTEL BOSS 4*

### Сингапур

Сместен во срцето на Сингапур, во близина на Лавендер и Бугис, Hotel Boss нуди модерно сместување со повеќе од 1.500 соби, сезонски базен на покрив, бесплатен WiFi и одлична локација за шопинг и разгледување на градот.






## HOTEL NIKKO BALI BENOA BEACH 5*

### Бали - Беноа

Луксузен пет-ѕвезден хотелски комплекс директно на плажа во Танджунг Беноа, Hotel Nikko Bali Benoa Beach спојува балинезиска архитектура и јапонско гостопримство. Пространи соби и апартмани, голем базен, директен пристап до плажа и богати содржини за релакс и уживање.





## HOTEL BEST WESTERN PREMIER AGUNG RESORT UBUD 4*

### Бали - Убуд

Сместен меѓу оризовите полиња и џунглите над Убуд, овој хотел нуди мирно и стилско сместување: модерни соби со балкон, инфинити-базени, спа центар и бесплатен трансфер до Убуд центар. Идеален спој на природна средина и удобност.






*** Хотелските капацитети планирани за сместување се од информативен карактер и може да бидат променети од објективни причини во други (слични) капацитети.***